ISO 23155

→ Услуги на толкување

→ Конференциско толкување

→ Услови и препораки

aiic

Private Market Sector

Association Internationale des Interprètes de Conférence

International Association of Conference Interpreters

ISO 23155

е меѓународен стандард со кој се воведуваат основните начела и практики на услугите за конференциско толкување, вклучувајќи и услови за конференциските толкувачи и давателите на услуги за конференциско толкување. Стандардот ги опишува и различните опкружувања и режими на конференциско толкување.

Услови

1 Конференциските толкувачи:

→ ќе имаат два или повеќе работни јазици; ќе толкуваат од сите нивни работни јазици кон нивниот јазик „А“ и од нивниот јазик „А“ кон нивниот јазик „Б“; ќе имаат опсежно познавање на своите работни јазици;

→ ќе работат како тимови од најмалку двајца толкувачи по кабина кои меѓусебно си помагаат со терминологија, кратенки, итн.;

→ ќе можат меѓусебно да комуницираат визуелно и усно кога толкуваат на истиот излезен канал;



- ќе се придржуваат кон кодексот на професионална етика, со кој се регулира практикувањето на конференциско толкување (како што е Анексот Б, кој во голема мера е инспириран од Етичкиот кодекс на AIIC);

- ќе можат да разберат различни регионални акценти и дијалекти и предметно специфична терминологија;

- ќе ги владеат симултаниот и консекутивниот режим на толкување;

- ќе можат делотворно да користат опрема за конференциско толкување;

- ќе можат да ги документираат своите квалификации;

- нема да обелоденуваат доверливи информации;

- ќе се подготвуваат за секој ангажман и ќе ги проучуваат материјалите за конференцијата, притоа спроведувајќи соодветно истражување за идентификација на релевантни и веродостојни информации.

2 Давателите на услуги за конференциско толкување:

- ќе се разбираат во конференциско толкување (ова се однесува и на евентуалните подизведувачи);
- ќе им помагаат на конференциските толкувачи кои ги ангажираат да ги исполнат гореспоменатите услови;
- ќе сторат сè што е во нивна моќ за да осигурат дека конференциските толкувачи ќе толкуваат само кон нивните „А“ и „Б“ јазици; ќе ја сведат на минимум употребата на толкување преку релеј; ќе има по најмалку двајца толкувачи к он пивот јазикот кои ќе толкуваат од секој изворен јазик;



→ ќе осигурат работното опкружување на конференциските толкувачи да биде **а)** во согласност со важечките прописи за здравје и безбедност и да бидат обезбедени соодветните заштитни мерки според потребата;

б) технички соодветно за обезбедување на услугата за конференциско толкување, а снабдувачот со опрема за конференциско толкување да ги почитува релевантните ISO стандарди за опрема за симултано толкување, видете ISO 2603, ISO 4043, ISO 20108, ISO 20109, ISO 22259 и ISO 24019;

→ ќе ги соберат сите релевантни информации во врска со околностите, особено јазиците на кои ќе се зборува на конференцијата;



- со клиентот ќе ги разгледаат ризиците во врска со употребата на конференциското толкување и мерките за ублажување на ризикот;



- ќе го разгледаат распоредот на конференцијата, вклучувајќи ги и паралелните сесии и паузите;

- ќе се договорат со клиентот да им испратат документација на толкувачите;

- ќе го известат клиентот дека говорниците и екраните за проекција мора да им бидат целосно видливи на толкувачите;

- ќе го посетат местото на одржување на конференцијата за да му помогнат на клиентот правило да ги постави кабините за толкување и другата опрема за конференциско толкување, и да ја одберат најпогодната локација за толкувачите на знаковен јазик;

- ќе разговараат со клиентот за снимање или веб-емитување на толкувањето и соодветно ќе ги прилагодат хонорарите на толкувачите;

- на толкувачите ќе им испратат прашања, опции и цврсти понуди;

- ќе ги организираат потребните аранжмани за патување, вклучувајќи и време за одмор;

- ќе обезбедат ажуриран дневен ред и документи што ќе излезат во последен момент;
- ќе побараат тонска проба;
- ќе им го вратат материјалот од конференцијата на сопствениците;
- ќе му дадат повратна информација на клиентот.



Препораки за конференциските толкувачи

- Да се запознаат со законските, финансиските и даночните прашања кои се дел од дејноста (што важат за хонорарните конференциски толкувачи);

- Да користат стратегии за спречување и контрола на стресот од работата;

- Да прифаќаат единствено ангажмани за кои се чувствуваат квалификувани;

- Да составуваат и одржуваат глосари;

- Да продолжат со својот професионален развој.

Содржината на овој документ и неговиот превод се обезбедени од AIIC, врз основа на официјалната англиска верзија на стандардот ISO 23155-2022.

Private Market Sector

Association Internationale des Interprètes de Conférence

International Association of Conference Interpreters